u7024

16



СЕЌАВАЊЕ

Миле Корубин (1922 - 2000)



# Доајен на македонското сликарство

На 12 овој месец, на 78 годишна возраст, почина истакнатиот македонски сликар Миле Корубин, претставник на првата повоена генерација македонски сликари и воедно еден од најстарите членови на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Миле Корубин беше роден 1922 година во Прилеп, а Академија за ликовни уметности завршил во Белград, 1951 година, во генерацијата на сликари кои својот уметнички стил го градеа водени од повеќе познати уметници како што се Милутиновиќ и Кун. Тој во текот на свој работен век неуморно твореше на повеќе уметнички полиња. Покрај тоа што првенствено беше сликар, Миле Корубин имаше остварено креации и во доменот на ѕидното сликарство, витражот, мозаикот и сценографијата. Од самостојните изложби, покрај повеќето поставки во Скопје и Белград, како позначајна може да се издвои неговата изложба во Дижон, Франција, 1964 година. Својата последна изложба овој автор ја реализираше минатата година, во Музејот на современа уметност во Скопје, на која беа презентирани дела од неговата најнова продукција, од циклусот "Небесни и земски слики".

Миле Корубин својата сликарска кариера ја има почнато како изразит фигуративец, а подоцна неговиот творечки опус трпи и други влијанија. Интересна е неговата серија на пејсажи од Израел, како и циклусот во кој доминираат женски актови и невести. Одреден период тој твореше во стилот на геометриската апстракција, а последниот циклус на кој работеше со полн интензитет се до својата смрт, е циклусот "Небески и земски слики". Добитник е на повеќе награди, меѓу кои позначајни се наградата "11 Октомври" за животно дело, наградата "13 Ноември" и наградата "Нерешки мајстори". Еден период од својот живот го имаше посветено и на педагошката работа, како директор на Средното уметничко училиште од Скопје.

(Л.М)